( Образец ПП……)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Примено: 04.04.2022
Орг един. | Број | Прилог | Вредност
10 | 343/1 | |

**До: _Општина Валандово__________________**
**(имател на информацијата)**

# **Б А Р А Њ Е**

## **ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
[redacted]
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер

Преку барање за слободен пристап до информаци од јавен карактер, за објава на [redacted] ни требаат податоци одгвори на прашањата:
- Колкав е долгот на Општината во моментов?
- Кога и за што се направени долговите? (листа на долгови со опис за секоја сума поединечно со периодот во кој е направено задолжувањето)
- Дали и кога сметката на Општината била блокирана? (колкав период се работело со блокирана сметка)

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- <u>г) електронски запис</u>
- д) друго ______________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- <u>г) е-маил</u>
- д) друго ______________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е

потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во [redacted], 04.04, 2022 година .**

______________________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10-343/2
21.04.2022 год.
Валандово



Градоначалникот на Општина Валандово, постапувајќи по барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од [redacted] застапник на [redacted], заведено под бр.10-343/1 од 04.04.2022 година, врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр. 101/19), член 50 став 1 точка 11 и член 63 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/2002), член 36 став 1 алинеја 5 и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, донесе

## РЕШЕНИЕ

### за усвојување на Барање за пристап до информации од јавен карактер

1. **СЕ УСВОЈУВА** Барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од [redacted] застапник на [redacted], заведено под бр.10-343/1 од 04.04.2022 година.

2. Информацијата од јавен карактер која се бара Општина Валандово, како имател, ќе ја даде преку овластеното службено лице за посредување при остварувањето на правото на слободен пристап до информации, во законски утврдениот рок и во бараната форма, освен ако информацијата веќе постои во однапред пропишана форма и е достапна на јавноста.

### Образложение

[redacted] застапник на [redacted] достави Барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено под бр.10-343/1 од 04.04.2022 година.

Постапувајќи по барањето, Градоначалникот на Општина Валандово, во согласност со одредбата од член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, утврди дека Општина Валандово е имател на информацијата од јавен карактер која се бара, па одлучи како во диспозитивот на Решението.

Поради причини од член 21 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барателот може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена.

Градоначалник
на Општина Валандово
Перо Костадинов

Изработил: С. Димитров
Контролирал: Е. Фидански
Одобрил: Б. Киров

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Ул.„Иво Лола Рибар" бб, 2460 Валандово
Тел. +389 (0)34/382-044
www.valandovo.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10-343/3
27.04.2022 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

ДО
[redacted]

Предмет: Одговор на Ваше Барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено под бр.10-343/1 од 04.04.2022 година

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер Ве известуваме дека Општина Валандово во моментот на поднесување на Барањето за пристап до информации од јавен карактер нема стасани, а неизмирени долгови и сметката на Општина Валандово досега не била блокирана.

Градоначалник
на Општина Валандово
Перо Костадинов

Изработил: С.Христова -Јовановиќ
Контролирал:М.Чурлинова -Јорданова
Одобрил: Б.Киров